## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО“ ОД ДОЦ. Д-Р БОРКА ТУШЕВСКА-ГАВРИЛОВИЌ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката број 1102-76/4 од 8.3.2017 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на својата редовна седница одржана на 7.3.2017 година, избра Рецензентска комисија во состав:

- д-р Горан Коевски, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Дарко Спасевски, доцент на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по предметот Трговско право“ од доцент д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, наменет за студентите на прв цилус правни студии во рамки на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата во горенаведениот состав со внимание го прегледа ракописот и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

До Рецензентската комисија е доставен ракопис со наслов „Практикум по Трговско право“ наменет за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Општи податоци за ракописот:*** „Практикум по предметот Трговско право“ е наменет за изведување на вежбите по предметот Трговско право, како задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС. Предметот е предвиден во Студиската програма по правни студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Содржината и обемот на практикумот се структурирани согласно со потребите на наставниот курикулим по предметот Трговско право и се во функција на полесно совладување на практичните аспекти на материјата содржани во практикумот. Вежбите содржани во практикумот претставуваат надградба на теоријата и практиката содржана во скриптата по предметот Трговско право.

***Податоци за обемот на ракописот:*** Практикумот содржи 90 страници компјутерски напишан текст, напишан во А4 формат, со фонт на букви Arial и големина на фонт 11.

Вежбите во практикуот се поделени на задачи и прашање што го опфаќаат статусниот дел од материјалот содржан во скриптата и вежби и задачи што вклучуваат договорните аспекти на материјата.

За материјата од статусниот дел, авторката пристапила кон предвидување на прашања за студентите од секоја тематска единица од наставната програма и пресуди од соодветната област. Основната цел во овој сегмент од практикумот е студентите да имаат можност низ призмата на практиката да ги видат правните импликации од примената на важечкото трговско право во Репубика Македонија.

Во практикумот се содржани обрасци на договори за секој поединечен договор што е предмет на теоретска обработка во скриптата по предметот Трговско право. За секој посебен тип на договор во рамки на практикумот се содржани прашања кои се однесуваат на анализата на поединечните договорни клаузули, каде што авторката скицирала полноважно правни или неполноважни одредби со задача студентите да ги анализираат и коригираат одредбите кои се спротивни на Уставот, законот и добрите обичаи.

По секоја вежба во практикумот се содржани и прашања кои се однесуваат на правната природа, основните карактеристики и специфики на секој поединечен договор. Посебна

вредност на овие вежби им дава нивната координираност со теоретските прашања што се предмет на обработка во „Скриптата по предметот Трговско право“ од истата авторка. На овој начин таа успеала на студентите да им стави на располагање теоретска обработка и практична обработка на материјата, со јасна препорака дека скриптата и практикумот проучуваат истовремено при совладувањето на материјата.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов*:** „Практикумот по предметот Трговско право“ е напишан на оригинален начин согласно со потребите на наставната програма. Во Република Македонија постојат реферетни изданија кои содржат обрасци на договори и анализи на практичните аспекти на областа на трговското право. Сепак, на став сме дека овој практикум претставува соодветно и потребно дополнување и освежување на постојниот материјал. Паралелно со обрасците на договорите, во практикумот се содржани пресуди од областа на статусното трговско право, како и за секој поединечен договор што е предмет на анализа и проучување во скриптата и воопшто во наставиот курикулум по предметот Трговско право.

Пресудите наведени во практикумот авторката ги избирала водејќи сметка за проблематиката што студентите ја изучуваат по предметот Трговско право. За таа цел авторката пристапила кон скицирање на повеќе вежби на договори и пресуди од областите на секој поединечен договор.

***Краток опис на содржината***

Содржината на практикумот е структурирана согласно со предметната материја. Вежбите обработени во практикумот се скицирани во рамки на 12 методски единици паралелно со наставните единици содржани во скриптата.

Вежба 1 се однесува на разграничувањето на трговецот од другите субјекти во правниот промет, што може да влезат во трговски односи, а не вршат трговска дејност. Понатаму, авторката се фокусира на практично објаснување на значењето на белезите на трговските друштава и тоа*:* форма, седиште и предмет на работење. Преку соодветни судски пресуди во оваа вежба студентите ќе ги согледаат начелата на регистрација, односно упис на овие основни белези на трговците и нивната правна заштита.

Во вежба 2 авторката се фокусира на разграничувањето на претпријатието како посебен деловен потфат и како објект на правото, наспроти трговското друштво како субјект на правото. Во оваа вежба, преку соодветни прашања, авторката им овозможува на студентите да го рагграничат и правилно да го употребуваат концептот на „претпријатие“ *versus* „трговското друштво*“,* а истовремено преку вежбите им овозможува да направат разлика и со фирмата како белег на трговецот.

Во вежбите 3 и 4 од практикумот, авторката се фокусира на практичното објаснување на постапката за регистрација и се повикува на соодветните законски прописи кои студентите ќе ги користат при регистрирањето и при која било промена во рамки на статусот на трговецот. Во овој сегмент авторката предвидува соодветни вежби за рагграничување на преддруштвото од трговецот, како фаза што претходни на запишувањето на трговците во трговскиот регистар.

Во вежбите 5, 6 и 7 авторката опфатила прашања и судски пресуди од делот на статусното трговско право, вклучувајќи ги основањето, управувањето и застапувањето на трговците. Преку вежбите и пресудите авторката успеала на соодветен и сосема подобен начин на студентите да им го разграничи управувањето од застапувањето како концепт, а истовремено да ја објасни суштината на основање на двете посебни категории на трговски друштва - капитални и персонални.

Во глава втора од практикумот, авторката се фокусирала на договорите во прометот на стоки и услуги, предвидувајќи вежби и соодветни прашања за договорите од автономната трговска практика (неименуваните) и именуваните договори. Практичната димензија на примената на материјалното право во трговските договори, авторката ја презентирала преку анализа на судски пресуди, обрасци на договорите што се анализираат и прашања за секој поединечен договор од материјата.

Вежбите од втората глава авторката ги започнала со презентирање на образец на договор за продажба и пресуда донесена во постапка по тужба за материјалните недостатоци на предметите. По пресудата, авторката издвојува клучни прашања на кои студентите треба да одговорат, анализирајќи ја пресудата.

Идентичен концепт на анализа на предвидените институти, авторката користи и за практично совладување на останатите именувани договори, и тоа: договор за комисион, договор за шпедиција, договор за трговско застапување, договор за посредување и контрола на стока, договор за превоз на стока. Кај повеќето од овие договори, покрај образецот на договор, авторката обработува судска пресуда за анализа од страна на студентите. Како надополнување договорот за продажба, превоз, шпедиција итн., авторката ги издвојува ИНКОТЕРМС клаузулите, за студентите да можат да ги увидат практичните импликации од примената на секоја поединечна клазула кај договорот за продажба. Со ова авторката се придржува кон концептот на анализа кај сите договори и на студентите им обезбедува јасна и прецизна систематика на изучување на материјата.

Во посебен дел од глава втора, авторката ги издвојува вежбите за договорите на автономната трговска практика, и тоа: франшизинг, лизинг, форфертинг, факторинг итн. Во овој дел авторката скицира образец на договор за франшизинг и лизинт, и преку вежби поставува соодветни прашања на кои студентите треба да одговорат. Како надополнување, авторката обработува пресуда што се однесува на договорот за лиценца и ги става студентите во позиција самостојно да ја согледаат примената на соодветното материјално право.

Тоа што авторката го има предвид при изработување на практикумот, а што е од суштинско битно значење за студентите, е што студентите во трета година сè уште ги немаат изучувано процесните аспекти на правото, па авторката многу внимателно успеала сите прашања и вежби да ги постави низ призмата на материјалното право.

Секоја од предвидените вежби кореспондира со материјалот содржан во скриптата по предметот Трговско право и е во целосна комплементарност со наставните содржини на Наставниот план и програма по предметот Трговско право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

При прегледувањето на содржината на „Практикумот по предметот Трговско право“ и неговиот концепт на изработка заклучивме дека поставената цел на авторката е реализирана. Материјата содржана во практикумот и концептот по којшто истиот е изработен во целост кореспондираат со потребите на студентите при изучување на проблематиката на трговското право.

При изработувањето на практикумот, авторката успеала без да ги обременува студените со теорија, во практикумот да се задржи само на практичните аспекти на примената на трговското право. При изработка на обрасците на договорите, авторката посебно внимание посветил на одредбите во договорите, предвидувајќи решенија кои ги рефлектираат специфичните законски права и обврски содржани во важечкото право во Република Македонија.

Авторката со големо внимание и прецизност ги селектира пресудите што се предмет на анализа. Во делот на пресудите за забележување е можноста на студентите да стекнат знаења кои навлегуваат во други повеќе или помалку сродни дисциплини. Преку анализа на образложенијата на пресудите, студентите имаат можност да стекнат знаења за законски решенија кои се содржани во други закони, надвор од Законот за облигациците односи и Законот за трговските друштва.

Преку овој пристап на совладување на материјата студентите ќе стекнат пошироко знаења од областа на трговското право.

Ценејќи ги содржината, структурата и динамиката со која се изучуваат поединечните договори, резимираме дека овој практикум ја наоѓа својата оправданост како надградба на теоретскиот материја и во голема мерка ќе придонесе студентите да стекнат едно заокружено знаење од областа на трговското право.

Земајќи го предвид горенаведеното, со големо задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја усвои рецензијата на ракописот со наслов „Практикум по предметот Трговско право“ и да го одобри неговото издавање во форма на електронски практикум во е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Горан Коевски, с.р.**
**Доц. д-р Дарко Спасевки, с.р.**